**Известување за концентрација со која МДМ претпријатие за производство, трговија и инжинеринг д.о.о., Словенија стекнува целосна контрола над Технометал Еделштал Гмбх, Австрија**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 13.08.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која друштвото МДМ претпријатие за производство, трговија и инжинеринг д.о.о. со регистрирано седиште на Брнчичева улица 17, 1231 Љубљана - Чрнуче, Словенија, стекнува целосна контрола над Технометал Еделштал Гмбх, со регистрирано седиште на ул. Ханс-Захс-Штрасе 43, 4600 Велс, Австрија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**МДМ групацијата** се занимава со производство и продажба (трговија на големо и мало) на производи и полупроизводи од нерѓосувачки челик и алуминиум.

МДМ д.о.о. има едно поврзано лице регистрирано во Република Северна Македонија и тоа: Друштвото за производство, трговија и услуги МДМ Метал М ДООЕЛ Скопје со регистрирано седиште на ул. 8ма Ударна Бригада бр. 39, Скопје. Основната дејност на друштвoto е трговија на големо со метални производи, цевки, уреди и опрема за цевководи и централно греење.

**Технометал Еделштал Гмбх** е продавач/дистрибутер на широк асортиман на производи од нерѓосувачки челик (NIRO). Палетата на производи вклучува бројни области за примена во индустријата, трговијата, градежништвото, архитектурата и дизајнот. Меѓу нивните добавувачи се познати производители и погони од нерѓосувачки челик. Технометал Еонли тргува со производи од нерѓосувачки челик и алуминиум (99% на големо, 1% на мало).

Технометал Еделштал Гмбх нема поврзани претпријатија регистрирани во Република Северна Македонија, ниту има остварено промет во 2023 година.

Врз основа на Договорот за продажба и купување на акции во компанијата Технометал од 17.07.2024 година, МДМ д.о.о. по спроведувањето на концентрацијата ќе стане 100% сопственик на Целното друштво, поточно сопственик на деловни удели на Технометал кои претставуваат сите удели на стекнатото претпријатие со што врши единствена контрола врз Технометал.

По однос на **релевантниот пазар на стоки** за предметната концентрација, Подносителот предлага дека дефинијата за истиот би можела да биде пазарот на производство на производи од нерѓосувачки челик и пазар на продажба/дистрибуција на производи од нерѓосувачки челик.

По однос на **географскиот пазар** за предметната концентрација, Подносителот предлага дека дефинијата за истиот треба да се смета територијата на Република Северна Македонија.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува сите заинтересирани страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување**.**

13.08.2024 година, Скопје